Пратениците Лилјана Затуровска и Крсто Муковски поднесоа амандман на член 2 став 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 4 поднесен од пратеникот Цветко Грозданов, под архивски број 07-2995/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Доколку некој од пратениците сака да говори во претресот по амандманот, се пријавува за збор во рок од една минута. Повелете.

(една минута)

Има збор пратеникот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам.

Би сакал да ве информирам дека амандманот што се однесува во член 2 став 4 и амандманот кој е на член 2 став 4, двата амандмани ги повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека двата амандмани се повлечени.

Исто така, констатирам дека амандманот на член 2 став 4 поднесен од пратеникот Цветко Грозданов под архивски број 07--2995/6 е повлечен.

Отворм претрес по амандманот на член 2 став 4, поднесен од пратениците Лилјана Затуроска и Крсто Мукоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворм претрес по амандманот на член 2 став 5 поднен од пратеникот Цветко Грозданов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворм претрес по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја по алинејата 7, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја по алинејата 12, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Доколку некој од пратениците сака да говори во претресот по амандманот се пријавува за збор во рок од една минута.

За збор се јави господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе, Бидејки амандманот не се прифаќа, јас сакам да навестам дека и сите други останати амандмани кои што ги имам дадено се од суштински карактер и се поврзани со овој амандман и сите останати амандмани ги повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 3 за додавање нова алинеја по алинејата 13, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 3 за додавање нова алинеја по алинеја 14, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нова алинеја, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Констатирам дека амандманот на член 11 став 2 поднесен од пратеникот Цветко Грозданов е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за пренумерација на член 14, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за пренумерација на член 20, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Констатирам дека амандманот на член 22, поднесен од пратеникот Цветко Грозданов е повлечен.

Со оглед на тоа дека во меѓувреме е поднесен амандман, а не е поделен.

Може вака сега да констатираме дека амандманот кој што е повлечен од пратениците Тахир Хани, Јулиета Марку, Сафет Незири, Аднан Јашари, Талат Џафери, Зумрете Јакупи, Феми Јонузи, Хајрула Мисини, Линдита Ќазими кој што се однесува во членот 2 став 4 зборот "Скопје", се заменува со зборот "Струга". Претходно претставникот на Владата го прифати амандманот кој што беше поднесен од Лилјана Затуроска и Крсто Мукоски. Значи, иста е содржината на амандманот. Во конкретниот случај сметам дека Владата треба да се произнесе позитивно, затоа што амандманот е со иста содржина.

Има збор.

**Киро Спанџев:** Бидејки претходно е прифатен амандманот со слична содржина, овој е бесцелен. Фактички е прифатен.

**Трајко Вељаноски:** И овој амандман е прифатен како што е прифатен и амандманот што беше од Лилјана Затуроска и Крсто Мукоски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отварањето на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот. Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претрес за кој се пријавил и не м оже повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути.

Координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам почитуван претседателе, јас на самиот почеток сакам да изразам задоволство што Владата имаше осет да промовира, и еве денеска да донесеме еден ваков закон по кој што ќе почне да функционира Агенцијата за поддршка и развој на туризмот. Ќе напомнам дека ова веќе е втора година како овој закон, значи Предлог на закон кој што денеска го донесовме го работиме, го преработувавме за да дојдеме денеска до негово изгласување. Задоволството е од сите нас, а уште повеќе од мене, затоа што и еден од оние кои што на некој начин беа креаторите на овој Предлог на закон бев и самиот јас. Јас ќе напомнам дека она што Агенцијата треба во периодот кој што доаѓа да го работи е тоа што ќе има голема промоција на туризмот во Република Македонија внатре и надвор од границите на Република Македонија. Ќе напомнам дека имав поднесено повеќе амандмани и сметав дека овие амандмани ќе дадат подобрување на овој Предлог за донесување по итна постапка закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. Но, уште на почетокот двата амандмани беа одбиени кои што беа од суштински карактер и ги повлеков и останатите други амандмани. Ќе напомнам за што станува збор. Вака донесениот Предлог на закон ќе овозможи само една промоција и подршка на туризмот во Република Македонија и надвор. Со она што јас го предвидував сакав да и дадам една поголема тежина на оваа Агенција во кое што ќе можеше оваа Агенција да ги преземе одредени ингеренции од Министерството за економија кои што потпаѓаат под Секторот туризам и ќе можеа да се одвиваат во самата Агенција. Тоа беше лиценцирањето, категоризацијата и ред други активности од кои што самата Агенција ќе креираше одреден буџет кој што буџет понатаму ќе можеше да го постави врз основа на националната стратегија која што е донесена за 2009 година до 2012 година околу можноста и начинот, на кој начин и како Република Македонија ќе биде промовирана внатре и надвор од Републиката.

Ќе напомнам само дека законот е добар и се надевам дека со неговото заживување дека ќе можеме да направиме и одредена промена во кое што ќе и дадеме поголема тежина на оваа Агенција, затоа што сепак туризмот во Република Македонија ќе биде една од основните, или водечките гранки од кои што Буџетот на Република Македонија ќе може да се збогатува, поточно да се зголемува, а и самите граѓани нормално да егзистираат од оваа гранка.

Ќе направам само една паралела во која што реков треба да се дадат одредени поголеми тежини на оваа Агенција од причина што ваквата поставеност на Агенцијата овозможува работење, нешто што е слично со она што го дава Законот за туристичка дејност според членот 49 во кој што има можност да се формира одредено туристичко биро. Туристичкото биро ги врши следните работи, значи посредува и обезбедува услуги во домашното сместување, продава билети за културно забавни, спортски рекреативни приредби, продава сувенири, разгледници, брошури, туристички карти, филмови, фотоапарати и друго. И она што е последното, четвртото, дава туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивен материјал. Значи, нашата Агенција, или Предлог законот кој што денеска го донесовме за формирањето на Агенцијата да не се сведе само на оваа четврта точка која што е само промотивно информативниот материјал во кој што ќе имаме дуплирање со бирото, или туристичкото биро. Затоа јас сметав дека на Агенцијата треба да и се даде поголема тежина, значи на Агенцијата која што ќе може да извршува одредени други дејствија врз кои што во она што е предвидениот рок ќе можат вработените кои што се во Секторот од туризам да бидат превземени од самата Агенција и самите да креираат еден буџет кој што нормално ќе биде наменески трошен врз основа на она што е Националната стратегија која што е веќе донесена и усвоена. Но, реков дека формирањето на оваа Агенција е на огромно задоволство на граѓаните на Република Македонија, затоа што работите почнаа да се движат во еден нагорен тек, затоа што на туризмот во Република Македонија почнува да му се обрнува доволно внимание за да можат луѓето и граѓаните кои што живеат ширум Република Македонија да егзистираат од самата дејност. Ќе напомнам само дека оваа Национална стратегија беше подготвувана од лидерска група која што на еден јавен повик, или тендер беше подготвена една стратегија, Национална стратегија, врз која што во овој временски период од 2009 до 2012 година ќе можеме да ја спроведуваме самата стратегија.

Се надевам дека Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот доследно ќе ја спроведува оваа Национална стратегија која што е донесена и дека луѓето кои што ќе бидат ангажирани во работењето на самата Агенција ќе можат да се вложат самите себеси и ќе дадат голем придонес за да имаме развој на туризмот во Република Македонија. Јас ќе напомнам дека задоволството е огромно што и седиштето припадна на Охридско-Струшкиот регион каде што сметам дека со она што е развојот на туризмот, или сегашната структура на туристичките дејствија се точно во овие два центри Охрид и Струга. Затоа сметам дека и ова задоволство е уште поголемо од причина што и Охриѓани и Стружани ќе можат заеднички да дејствуваат и да работат во однос на она што е креирањето и спроведувањето на оваа Национална стратегија, како би можеле понатаму и самите мештани да имаат што е можно поголема корист, или профит од туризмот. Се надевам дека со постоењето, значи формирањето на оваа Агенција во најкраток

временски период ќе можеме да формираме и одредени други субјекти кои што ќе можат да делуваат во одредени градови, или општини кои што ќе бидат ширум Република Македонија. Јас ќе напомнам дека идеата беше можноста да функционира и Гевгелија како еден од туристичките центри кои што се наоѓаат во источниот дел на Република Македонија во кој што се наоѓа Кожув планина, се наоѓаат казината во Гевгелија и ќе можат да допринесат за огромен развој на туризмот во овој дел со што да речеме и Гевгелија ќе имаше можност да даде истурени единици, или самостојни единици за развој на туризмот во одредени други градови кои што се во околината, како што е Дојран и некои други. Сметам дека ќе имаме можност во времето кое што доаѓа оваа Агенција ќе доживее развој и ќе може да се прошири уште повеќе во сите градови и краишта ширум Република Македонија, со што ќе се даде можност да се развива не само летниот и зимскио туризам, туку да се развива и бањскиот туризам, да се развива и планинскиот туризам, да се развиваат и сите оние други видови на туризам кои што Република Македонија ги има зацртано со Националната стратегија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе и почитувани пратеници.

Иако овој закон кој е за основање на Агенција за промоциј аи подршка на туризмот во Република Македонија, мислам дека е извонредно добар исчекор во насока на тоа за промоцијата, унапредувањето и подршката на туризмот во Република Македонија. Често пати во медиумите и разни информативни средства во Република Македонија на големо има една негативна појава која што беше досега непромовирањето во детали и квалитетна промоција на туризмот во Република Македонија. Мислам дека ова е голем чекор со што ќе се менаџира успешно и од оваа владина коалиција сите закони, а не само оваа Агенција. Мислам дека е закон кој треба да се спроведе и да се реализира во пракса како што треба, бидјеки Република Македонија е голем потнецијал за туризмот во регионот без оглед за која категорија на туризам се говори. Не треба окото да ни биде само во летниот туризам, бидејки и центарот на оваа Агенција веќе ни е во градот Струга, а се согласувам со колегата Грозданов дека го опфаќа и Охрид кон Струшкиот дел како центар на летниот туризам во Република Македонија. Не знам колку знаат нашите коелги и граѓаните, еден голем број на граѓани од странски држави во регионот, почнувајки од Република Албанија, исто така и од Република Косово, од Република Србија доаѓаат на големо во летниот туризам во Охрид, Струга, односно на Охридското езеро. Што значи дека на еден начин ја обврзува оваа Агенција за промоција на туризмот да пдоготви краткорочни и среднорочни и долгорочни планови за да го промовира туризмот на Република Македонија и надвор од земјава што е една голема сатисфакција е и тоа дека со ова се заокружува една долгорочна политика на туристичките работници во Република Македонија. Исто така, сигурно сега ова ќе се операционализира и во земијте од регионот, бидејки состојбата беше скептична, додека во државите во нашето опкружување често пати слушнале за Охридското езеро, за Охрид, Струга и за други туристички места, но никогаш немале пропаганден материјал со што ќе се промовираше туризмот во Република Македонија. Сигурно дека оваа Агенција нема обврска да го промовира само летниот туризам, туку треба да го промовира и планинскиот туризам, зимскиот туризам, но исто така треба да се развива и таканречениот културен туризам, бидејки Република Македонија изобилува со културно историско наследство, со разни места кои ги привлекуваат голем број туристи од регионот. Сигурно дека ова во иднина треба да го има оваа Агенција за промоцијата на овој културен туризам и надвор од балканските рамки значи и во Европа и пошироко. Ова треба да биде Национална стратегија.

Јас се согласувам дека оваа Агенција треба перманентно да го информира Министерството за економија каде преку ова Министерство, нормално ќе се информира и Владата за своите активности, своите работи и стратешки работи што планира во иднина во однос на туризмот. Мислам дека е значаен исчекор со оваа Агенција, мислам за тоа дека е изнајден центар, каде ќе се смести оваа Агенција, сигурно дека во иднина ќе се изнајдат и други седишта за да ги промовирами и да ги оживееме регионите кои се развиени не толку колку што треба и навистина Република Македонија да биде опфатена како центар кој ќе се менаџира како што е во конкретниот случај за Агенцијата која во Југо-западниот дел на Република Македонија односно во Струга. Мислам дека со ова е направен голем чекор и мислам дека ќе има успешна работа и оваа Агенција. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот има 61 пратеник затоа го повторувам гласањето.

Ве повикува да гласаме.

Вкупно гласаа 62, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на закон за изменување на Законот за платите на судиите.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута од отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Доколку некој од пратениците сака да говори во претресот по текстот на Предлогот на законот се пријавува за збор во рок од една минута. Повелете.

(една минута)

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против, молам да крене рака? Никој.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за плати на судиите.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на закон за лобирање.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Светлана Јакиомовска поднесе амандман на член 27 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 27, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута од отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Доколку некој од пратениците сака да говори во претресот по текстот на Предлогот на законот се пријавува за збор во рок од една минута. Повелете.

(една минута)

Благодарам.

За збор се јави господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван господине претседател.

Станува збор за Предлог закон за кој што така речи година дена е во собраниска процедура и сметам дека навистина треба да му се обрне внимание, бидејќи регулира материја која што и на ниво на западно-европското законодавство има низок степен на регулираност, така речи не е воопшто регулирано. Оваа материја за разлика од САД каде што е дефинирана многу добро на ниво на западно-европското законодавство е само лимитирано со одредени етички кодекси кои што ги имаа силните здруженија на лобисти во рамките на Европската комисија, од прилика околу 16 илјади лобисти се евидентирани во комисиите на Европската комисија.

Значи една материја која нема споредбена материја, нема рамка, нема можности за споредување и затоа сметам дека овој Предлог закон од Министерството за правда е навистина материја која што обработува закон и заслужува посебно внимание. Од европските држави единствено Полска, Литванија и Унгарија имаат сличен закон за лобирање во Сојузна Република Германија е регулирана само материјата на принципите на лобирање во Бундестагот, во Велика Британија е донесен само кодекс на однесување на лобистите во Британскиот парламент, а слични закони и во подготовка имаат Бурагија и Русија.

Што носи овој Предлог закон за лобирање? Во една материја која што досега не беше воопшто дефинирана, во која што лобистот или лоби групите или интересните групи не беа воопшто законски третирани. Можеше да се случи секој да се најде во улога на одреден лобист за нешто. Од тие епитети или тие придавки не бевме поштедени и ние пратениците. Со оваа законска материја точно се одредува кој може да биде лобист, во кој временски период и кој е тој орган што врши надзор над работата на лобистите. Мене ми е посебно драго што се институционализира и надзорот над работата на лобистита, а тоа е во рамките на Државната комисија за спречување на корупцијата, но одредена функција и тоа прилично сериозна и одговорна има и Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија кај кога што се врши регистрацијата на лобистите. Претпоставувам дека овој закон со тек на време ќе претрпи одредени измени и тоа во делот на казнените одредби. Законодавецот во оваа материја сметал дека не треба да биде околку делот за казнените одредби премногу ригидна и можам да го разберам тоа заради тоа што материјата и однесувањето на овие луѓе ќе биде навистина нова и времето ќе ги покаже тешкотиите со кои што тие би се соочиле во идниот период. Полскиот закон на пример е многу ригиден. Казните за лобистите кои што ги прекршуваат одредбите од законот е и до 42 илјади евра, а во Литванија на пример лобист кој што излегол од рамките на законот и до 5 години може да му се одземе дозволата за вршење на функцијата. Една од одредбите која што исто така треба да се поздрави е тоа дека избраните именувани функционери меѓудругото какви што сме и ние година дена после завршување на мандатот не смеат да се бават со оваа функција што сметам дека исто така е интересно. Најлиберален закон на овој план имаат САД каде што лобирањето освен во законодавната и извршната власт содржи можности за лобирање и во судската власт, содржи можности за лобирање и во одлуките за именување, во одлуките за доделување концесии и во одлуките за доделување лиценци. Само за споредба колку е значајен овој закон, претседателската кампања во САД уште ланската година ја почнаа Барак Обама и Мек Кејн точно со донесувањето на новиот закон за лобирање во Американскиот конгрес. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор Спасеновски Александар, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за правда, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека станува збор за исклучително значаен правен акт, исклучително значаен закон кој што ќе го донесеме се надевам денеска и за исклучително значајна тема која што треба да се регулира бидејќи станува збор за сфера од јавниот живот на граѓаните и на државата која што предизвика големо внимание и како резултат на чие нерегулирање може да настанат одредени поголеми или помали штетни или пак позитивни последици. Во таа смисла на почетокот сакам да истакнам дека законското регулирање на лобистичката активност исклучително е значајна и потребна активност во секоја држава, бидејќи со неа ќе воспоставиме јасни правила на игра како за оние кои влијаат, така и за оние кои се предмет на влијание со што известно е дека ќе постигнеме најмалку три ефекти.

Прво, ќе се диманизира процесот на политичкото одлучување во нашата држава.

Второ, ќе се остави простор согласност со законот различни сегменти од општестово да имаат јасно дефиниран начин како можат да ги остварат своите партикуларни интереси низ институциите на системот во Македонија и

Трето, но не помалку значајно, ќе се влијае во насока на натамошно сузбивање на корупцијата.

Почитувани колеги пратеници,

Во Република Македонија уставниот основ за регулирање на лобирањето можеме да го најдеме во членот 16, а особено во ставовите 1 и 3 со кои се гарантира слободата на уверувањето, на совеста, на мислата, како и на јавното изразување на мислата и гаранцијат на слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Во членот 20 став 1, пак според кој на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на

нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања, како и во членот 24 според кој секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор, ги наоѓаме исто така основите врз основа на кои ќе ја регулираме лобистичката активност. Исто така, натамошните уставни основи можеме да ги најдеме и во останатите членови од Уставот според кој граѓанинот не може да биде повикан на одговорност ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките освен ако со нив не сторил кривично дело. Анализата на компаративните искуства на македонскиот закон за регулирање на лобистичката активност со актите на некои други држави упатува на заклучокот дека државите генерално на три начини ја регулираат оваа материја.

Прво, преку усвојување на посебен закон за лобирање, како што е случајот со САД, со Полска, со Литванија, со Унгарија.

Второ, без носење на посебни закони, но со одредби во други закони со кои се овозможува регистрирање на лобистите и во таа смисла регистрирање на лобистичката активност, како што е случајот во Сојузна Република Германија и

Трето, преку усвојување на посебен кодекс за однесување на лобистите во институциите на државата, какви што се случаите со Обединетото кралство, или со Европската унија.

Според одредбите на македонскиот предлог за донесување закон за лобирање, нашата држава логично ќе биде дел од првата група, односно држава во која што законски е регулирана оваа материја.

Во однос на законското регулирање, државите генерално можеме да ги поделиме во две групи.

Прво, онаа група на држави каде поцврсто се регулира лобистичката активност и

Втора група на држави, каде што се регулира лобистичката активност во законите во најопшта можна мера.

Македонскиот предлог за донесување на закон за лобирање, заедно со Полскиот и со Литванскиот закон за лобирање, спаѓа во втората група на закони со кои се регулираат најосновните прашања.

Доколку го примениме методот на компарација на македонскиот предлог со полскиот или со литванскиот, можеме да го заклучиме следното. Во трите акти, во однос на дефинициите, лобирањето е дефинирано како професионална и како профитна активност. Лобистот е дефиниран како физичко лице кое делува самостојно, или кој е дел од правно лице и

Трето, во трите закони, нарачателот на лобистичките услуги е дефиниран како едно или повеќе лица, компании, или институции кое ќе склучи писмен договор со лобистот.

Понатаму, и во полскиот и во литванскиот и во македонскиот предлог за донесување на закон, во однос на правата, обврските и санкциите, се поместени одредби со кои прво им се гарантира пристап на лобистите, информациите на органите согласно определени акти, како што е кај нас законот за слободен пристап на информациите од јавен карактер.

Второ, се предвидува обврска за регистрација на лобистите во одреден тип на регистар и

Трето, се воведени санкции кои се движат во опсегот од парични до забрани за делување.

Конечно како последно, во трите акти, значи, во полскиот, во литванскиот и во македонскиот предлог, контролата врз лобирањето се остварува преку поднесување извештаи на лобистичките организации и на лобистите до одредени органи, кои вршат мониторинг врз лобирањето, со таа разлика што во Македонија и во Литванија лобистите поднесуваат извештаи, а во Полска извештаи поднесуваат институциите кои се предмет на лобирање.

Почитувани колеги, законскиот предлог со кој се регулира лобирањето излезе од Владата уште кон крајот на минатата година. Во Собранието истиот беше разгледуван на соодветните собраниски работни тела, како што е Комсијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Меѓутоа, заради изборите, пропуштивме да го донесеме овој закон многу порано. Сепак, во овие околности, сакам да истакнам дека сметам дека таквото одложување на носењето на овој закон е корисно, односно многу добро, бидејќи јавноста и заинтересираните субјекти имаа време да го изанализираат и да се произнесат во однос на истиот со забелешки и пофалби.

Во секој случај јас ќе гласам за. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлгот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот лобирање.

**Минуваме на точка 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република

Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот се пријавува за збор во рок од една минута. Повелете.

(Една минута)

За збор се пријави и има збор госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да го искажам своето задоволство што е направен чекор напред во овозможување на граѓаните на Република Македонија во остварување на своите секојдневни права пред органите на државната управа, пред министерствата, пред организации утврдени со закон и други државни органи, правни и други лица за остварување на нивните права и интереси, односно како на физичките така и на правните лица. При ова сакам да укажам дека со самото раѓање веќе секој граѓанин и секое новороденче се судира со постапката од општата управна постапка од Законот за општата управна постапка заради запишување на уписот на неговото раѓање во матичната книга на родените, а завршува со запишување во матичната книга на умрените.

Во меѓувреме секоја единка, секое правно лице во Република Македонија прзвема низа дејствија за остварување на своите права и заштита на интересите токму со примена на одредбите од Законот за општата управна постапка кој што е донесен во 2005 година.

Со овие измени и дополнувања се оди чекор понапред за овозможување на граѓаните на Република Македонија и правните лица во него на полесен начин да ги остварат своите права, а при тоа се зајакнува и одговорноста на одговорните лица и на сите вработени во органите на државната управа и другите овластени органи во остварување на тие права. Освен тоа што се скратени роковите за остварување на правата во согласност со овој закон, освен тоа што се зајакнати условите за вршење достава на заинтересираните лица мислам дека она што претставува основна новина е членот 129-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка со кој се овозможува заради молчење на администрацијата, односно за не постапување по барање на заинтересираните лица да им одлучи по нивните барања, да се смета дека нивното барање е уважено.

По ова прашање беше дискутирано во минатиот состав на парламентот, мислам дека се вршеше усогласување помеѓу пратеничките групи и е постигнат висок консензус по ова прашање со тоа што мислам дека имаше некое недоразбирање дека по секое барање може да се примени член 129-а што не е точно.

Сега е сосема прецизирано дека за да се постигне оваа цел е потребно во материјалниот закон да е предвидена таква можност и да се спороведе посебна постпка на посебни обрасци и со доставување на посебни докази да се оствари односното право.

Се укажува дека станува збор за права од полесен карактер за кои што граѓанинот во секој случај има право да го остари побараното право, меѓутоа се настојува да органите на управата во најкус можен рок тоа да го направат за да граѓаните понатаму со добиените уверенија, потврди и слични решенија да можат да си ги остваруваат правата пред другите органи во секојдневниот живот. Според тоа зајакната е и одговорноста на вработените во органите на државната управа со тоа што тие самите треба да бидат свесни за одговорноста што ја имаат, меѓутоа во доколку тоа не се спроведува,предвидена е можноста одговорното лице кое што е над нив да ја контролира нивната работа и еветуално да превзема мерки заради непостапување по законот,со тоа што и самиот потпаѓа под одговорност доколку не донесе решение во случаите кога се исполнети условите за донесување на решение за констатирање дека постоеле услови за донесување на решение заради молчење на администрацијата. Во секој случај ако и тој така не постапи тогаш странката има право да управен спор пред Управниот суд.

Според тоа сите овие измени и дополнувања кои што се наравени во овој закон се во функција за подобрување на секојдневието, значи секојднвниот живот на граѓаните во Република

Македонија и правните лица во истата држава со цел администрацијата да зајакне, одговорноста да биде зајакната, да се овозможи на сите лица во Република Македонија да дојдат на побрз начин и полесен начин во остварувањето на своите права. Од тие причини целосно го подржувам овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам законот на гласање, ја прекинувам седницата.

Продолжуваме по 15 минути, значи во 16,45 часот, за да направам консултација со координаторите на пратеничките групи дали може да се обезбеди двотретинско мнозинство односно 80 и нешто пратеници.

Со оглед на тоа ја прекинуваме седницата и продолжуваме со работа во 16,45 часот.

(седницата прекина со работа во 16,30 часот)

(По паузата седницата продложи со работа)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Со оглед на тоа дека не се успеа да се обезбеди преку 80 пратеника за да може да се гласа законот за општа управна постапка за кое што е потребно двотретинско мнозинско гласање, ја прекинувам седницата.

За утре има во 11,00 часот нова Четиринаеста седница. По завршувањето на Четиринаестата седница продолжуваме со Тринаесетата седница по оваа точка.

Ви благодарам за присуството.

(Седницата прекина со работа во 16,47 часот)